РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

Примено: 19.02.2024			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
25	264/1	-	-

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 19__ год.
Потпис,

(Образец ПП.....)
До Општина Ранковце
(имател на информацијата)

БАРАЊЕ
за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Врз принципите на заложба за дигитализација на јавните услуги на општинско ниво, Ве молиме да ни доставите информација кои услуги кои се испорачуваат кон граѓаните се дигитализирани и на каков начин може да се пристапи кон истите? Доставете и линкови доколку имате.

2. Согласно определбите за дигитализација, дали општината издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки кои овозможуваат понатамошна дигитализација на услугите кои ги нуди Вашата општина? Доколку општината издвојува буџетски средства за дигитализација на услугите, ве молиме наведете го износот наменет за дигитализација на услугите наменети кон граѓаните на годишно ниво.

3. Дали се спроведува редовно годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински е-услуги сакаат да им бидат понудени?

   - Ако да, доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.
   - Ако не спроведувате редовно годишно анкетирање, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој на нови е-услуги? Ве молиме објаснете го начинот на прибирање на мислењата и предлозите.

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
г) **електронски запис**
д) друго----------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
г) **е-маил** [redacted] Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.
д) друго----------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во [redacted] Датум 16.02.2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Бр. 25-264/4
06.03 2024 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), а по овластување на Градоначалникот на Општина Ранковце, согласно Решение број 08-232/1 од 13.02.2024 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце преку Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 06.03.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од [redacted] поднесено до Општина Ранковце, заведено под бр. 25-264/1 од 19.02.2024 година **СЕ УВАЖУВА**.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Општина Ранковце доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации [redacted] кое е примено на 19.02.2024 година и заведено под бр.25-264/1, со кое Барателот бара преку е-маил да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

1. Врз принципите на заложба за дигитализација на јавните услуги на општинско ниво, Ве молиме да ни доставите информација кои услуги кои се испорачуваат кон граѓаните се дигитализирани и на каков начин може да се пристапи кон истите? Доставете и линкови доколку имате.

2. Согласно определбите за дигитализација, дали општината издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки кои овозможиваат понатамошна дигитализација на услугите кои ги нуди Вашата општина? Доколку општината издвојува буџетски средства за дигитализација на услугите, ве молиме наведете го износот наменет за дигитализација на услугите наменети кон граѓаните на годишно ниво.

3. Дали се спроведува редовно годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински е-услуги сакаат да им бидат понудени?
- Ако да, доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.
- Ако не спроведувате редовно годишно анкетирање, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој на нови е-услуги? Ве молиме објаснете го начинот на прибирање на мислењата и предлозите.

Постапувајќи по наведеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце врз основа на информациите со кои располага, а имајќи ја предвид горенаведената одредба од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во прилог на ова Решение, на Барателот [redacted] му се доставува следната информација:

1.Услуги кои се испорачуваат кон граѓаните а кои се дигитализирани се:

1. Издавање на одобренија за градење преку информацискиот систем gradezna-dozvola.mk;
2. Водење на постапки за донесување на урбанистичко планска документација преку информацискиот систем e-urbanizam.mk>
3. Постапки за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште преку информацискиот систем gradezno zemjiste.mk
4. Предбележување на градби и упис на градби од втора категорија во Агенција на катастар на недвижности преку е-кат шалтер.

2.Општина Ранковце не издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки кои овозможуваат понатамошна дигитализација на услугите кои ги нуди нашата општина.

3.Во Општина Ранковце воопшто не се спроведува анкетирање на граѓаните за нивните мислења и предлози за изјаснување кои нови општински е-услуги сакаат да им бидат понудени.

Со оглед на инзесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Општина Ранковце
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Сања Стојановска

Доставено до:
- Барател на информацијата
- Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-264/5
06. 03 2024 год.
РАНКОВЦЕ

ДО
[redacted]

Предмет: Достава на информација

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информација од јавен карактер кое е заведено под број 25-264/1, од 19.02.2024 година со кое барате од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да Ви бидат доставени во електронски запис на е-маил определени информации Општина Ранковце донесе Решение со кое го уважи Вашето барање и констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и ќе бидат доставени во бараната форма и тоа:

Прилог:

- Решение бр. 25-264/4 од 06.03.2024 година

Со почит,

Општина Ранковце
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Сања Стојановска

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски